

# ПРИПАЃАЊЕ, ПОСТОЕЊЕ И РАЗВИВАЊЕ

## План за претшколско образование во Австралија





## BELONGING, BEING & BECOMING

An Early Years Learning Framework for Australia

## Информации за семејствата

Macedonian

# ПЛАН ЗА ПРЕТШКОЛСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## Нов, национален план за претшколско образование на деца на возраст од раѓање до пет години

## КОЈА Е ЦЕЛТА НА ОВОЈ НОВ ПЛАН ЗА УЧЕЊЕ?

Го разработивме Планот за претшколско образование (Early Years Learning Framework) за да обезбедиме вашето дете да учи според квалитетни образовни програми во неговата/нејзината претшколска установа. Ова е важен период за децата да учат и да се развиваат.

Визијата на планот е сите деца да го доживуваат учењето како активност во која се ангажирани и која им помага да градат успех во животот.

Планот претставува водич за воспитувачите за образование на претшколска возраст кои работат со деца на возраст од раѓањето до пет години. Тие ќе го користат Планот во соработка со семејствата, првите и највлијателни воспитувачи на децата, за да приготвуваат програми за учење кои одговараат на идеите, интересите, јаките страни и способности на децата и да сфатат дека децата учат преку игра.

Според Планот за претшколско образование, детството е период на *припаѓање*, *постоење* и *развивање*.

- **Припаѓањето** е основа за живеење на еден исполнет живот. Децата чувствуваат дека тие *припаѓаат* заради врските што ги имаат со нивните семејства, заедницата, културата и местото.
- **Постоењето** се однесува на животот овде и сега. Детството е посебен период во животот и на децата им треба време само 'да постојат'—да имаат време за игра, да испробуваат нови работи и да се забавуваат.
- **Развивањето** се однесува на учењето на малите деца и развојот низ кој тие поминуваат. Кај децата од рана возраст започнува да се развива чувството на идентитет, што влијае на тоа во какви возрасни лица тие ќе се развијат.





## “Сакам моето дете да има многу можности за креативна игра”

# ИГРАТА Е УЧЕЊЕ

Играта е многу важна за децата од моментот кога тие ќе се родат. Преку играта, бебињата и малите деца го испитуваат и учат за да го разберат светот околу нив кога ќе започнуваат да комуницираат, откриваат, фантазираат и да креираат.

Кога децата играат тие го покажуваат тоа што го научиле и тоа што се обидуваат да го разберат. Токму затоа играта е една од основите на Планот за претшколско образование.

Со користењето на овој план, воспитувачите ќе го водат детето низ играта внимателно подготвувајќи активности и интересни средини за учење во затворен простор и на отворено.

# ВРСКИТЕ СО ДРУГИ ЛИЦА СЕ КЛУЧНА РАБОТА



Добро е познато дека децата најдобро учат кога тие имаат безбедни врски со возрасни лица кои се грижат за нив. Кога децата формираат врски засновани на доверба од многу рана возраст, тие се чувствуваат повеќе сигурни и способни да истражуваат и учат.

Во средини за деца на претшколска возраст, каде децата чувствуваат дека се емотивно безбедни, тие можат да ги развиваат способностите и разбирањата што им се потребни позитивно да комуницираат со другите и постепено да учат да преземаат одговорност.

# КАКО ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВА ПЛАНОТ?

Воспитувачите ќе го користат овој нов План во различни средини за деца на претшколска возраст, вклучувајќи ги центрите за целодневен престој, претшколските установи и домови за дневен престој на децата за да обезбедат вашето дете да искуси високо-квалитетни збиднувања. Планот го подготвија и испробаа искусни воспитувачи за претшколско образование, научници, родители и негуватели.

Фокусот на Планот е на учењето на вашето дете. Воспитувачите ќе работат со вас за да можат добро да го запознаат вашето дете. Тие ќе подготват програма за учење која се надградува врз интересите и способностите на вашето дете и редовно ќе ве известуваат за напредокот на вашето дете.

Преку петте наставни цели на Планот, воспитувачите ќе му помогнат на вашето дете да развие:

- трајно чувство за нивниот идентитет
- врски со неговиот/нејзиниот свет
- трајно чувство на благосотојба
- самодоверба и вклучување во учењето и
- ефикасни способности за комуницирање.

"Резултатите во учењето се позитивни и тие ми помагаат да размислувам како напредува моето дете"





# КАКО СЕ НАДГЛЕДУВА НАПРЕДУВАЊЕТО НА ВАШЕТО ДЕТЕ

Користејќи го Планот за претшколско образование, воспитувачите ќе надгледуваат како учи вашето дете за да можат да надградуваат врз тоа и да ги планираат следните чекори.  Тие ќе го прават ова со тоа што ќе го слушаат, гледаат и ќе зборуваат со вашето дете.

Тие редовно ќе одржуваат контакт со вас за да разговараат со вас како напредува вашето дете. Тие може да користат слики или да чуваат папка со работите кое ги направило вашето дете за да ви покажат што учи тој/таа, како се развива и за што се интересира.

Пред вашето дете да започне да оди на училиште, воспитувачите ќе подготват информации за тоа што го учи вашето дете и неговиот/нејзиниот развој што ќе можете да ги споделите со неговиот/нејзиниот нов наставник. Ова ќе помогне да се обезбеди новото училиште на вашето дете добро да се подготви за да му помогне на вашето дете да продолжи со учењето.

“Планот за претшколско образование ми помага да сфатам колку е квалификуван персоналот во центарот на моето дете и колку голема поддршка ми нуди мене и на моето семејство”

# СОРАБОТКА

Кога родителите и воспитувачите соработуваат, тие може да го подобрат учењето и благосостојбата на детето.

Како најважна личност во животот на вашето дете, можете да влијаете на успехот ако редовно разговарате со воспитувачот по претшколско образование на вашето дете и ако покажувате интерес за тоа што го учи детето.

Информациите што ќе му ги дадете на воспитувачите ќе им овозможат да ги поврзат работите кои вашето дете ги доживува дома со времето кое го поминуваат заедно во средина  за деца на претшколска возраст.





# КАКО ДА ДОЗНАЕТЕ ПОВЕЌЕ

Оваа книшка е вовед за Планот за претшколско образование.

За да дознаете повеќе, посетете ги Интернет страните deewr.gov.au/earlychildhood или распрашајте се кај воспитувачот за претшколско образование на вашето дете.

Produced by the Australian Government Department of Education, Employment and Workplace Relations for the Council of Australian Governments.

A09-057



